Почитуван читателу,

Овој текст е одраз на моето знаење и искуство кое што сум го стекнал во животот. Во продолжение ќе се обидам да илустрирам начини и ситуации кои претставуваат решенија за постигнување на благосостојба во економијата. Текстот во продолжение е со акцент на Република Македонија. Главен мотив да го напишам овој текст се секојдневните разговори, тафтологии, чаршиски раскажувања на нашиот народ, за тоа колку е тешко или лесно во нашата татковина, решенија и квази решенија, што и како би требало да биде и што би било кога би било, кога некој нив би ги послушал. Колку чудно и да звучи, развиените земји, прават долгорочни планови. Условно кажано гледаат 50 па и 100 години во иднината. Според мене ниеден успех не е случајност. Па така се одлучив да направам еден сублимат кој што ќе биде темелен на официјални знаења прикажан низ моја призма. За моите искажувања да не личат како на секој еден кој што само знае таксативно да ги наброи проблемите, во продолжение предлагам фискална реформа како решение за економска благосостојба. Со мене немора да се согласите, а на секоја поддршка, од сесрце сум Ви благодарен.

Фискална федерализација на Република Македонија, како решение за економски развој, кој ќе придонесе до рамномерен развој на регионите, нивна конвергенција и враќање на иселените граѓани во својот роден крај. Да не бидам погрешно разбран, не се работи за федерализација на државата, туку за фискална федерализација, каде што општинските власти ќе можат сами да ги креираат даночните политики за нивен оптимален развој. Тенденција на ЕУ и секоја развиена земја е конвергенција на регионите. Кога зборуваме за конвергенција, мислиме на приближување на разликите на регионите. Па така, кога некои региони се соседни, тие се само географски блиски, а економски многу далечни. Односно тие се дивергентни. За да се постигне подобар стандард во живеењето, неопходно е да се примени фискална федерализација. Преку намалување на даноците во неразвиените региони ќе се стимулираат инвестициите во истите, додека пак со зголемување на даноците во развиените региони, како што е Скопскиот регион, со зголемување на даноците ќе се дестимулираат инвестициитем а воедно и пренаселеноста во градот, за сметка на населување во послабо развиен регион. Кога зборувам за даноци, мислам на данокот на имот, на добивка и на додадена вредност. Кога би се намалил данокот при купување на недвижен имот во послабо развиен регион, тогаш би се зголемил интересот за купување на недвижнини во тој регион. Тоа би била директна стимулација за враќање на граѓаните во својот роден крај, додека пак во пренаселените региони, како што е Скопскиот регион, со зголемување на данокот при купување на имот, кој што моментално изнесува 3%, со негово зголемување ќе се дестимулира понатамошното доселување. Конкретно во блиското минато, говорам за периодот од деведесетите години на минатиот век, имаше проблем со миграција. Односно

Aleksandar

населението не ја напушташе државата, туку во рамките на Република Македонија, поголемиот дел од народот работеше надвор од своето место на живеење. Односно таа дневна миграција, беше предизвикана од немањето на можност за вработување во сопственото место на живеење. Па така за да бидам појасен за пример ќе го наведам затварањето на фабриките, така наречените тогашни загубари, кои de facto и de jure до тогаш биле носители на економијата во Република Македонија. Па така, квалифукуваната работна сила, во борба за егзистенција, била приморана од еден град да работи во друг. На пример, од Жито Куманово - Куманово, секојдневно патувале работници во Скопје, барајќи ја својата егситенција во Жито Лукс - Скопје и слични други примери. Па така, низ текот на годините, Скопје како главен град, стана главна мета за доселување на луѓе од внатрешноста. Откако се презасити побарувачката за работна сила во главниот град, повторно во борбата за егзистенција, луѓето почнаа да ја напуштаат Македонија. Најголемиот дел од нив е останат да живее во странство. Преку таквиот процес, се дојде во точка во која во Република Македонија се среќаваат села со ниеден жител, села со неколку жители и помали градови во кои бројот на население е намален за 40% па и повеќе од 50% во некои места, во рок помал од 10 години. Ова што досега го споменав, не е краткотраен процес. Ова е нешто што би требало да трае 10, па и повеќе години. Со намалување на данокот на добивка во послабо развиените региони, ќе се стимулираат деловни активности на нови и на веќе постоечките профитни ентитети. Па така, ќе се зголеми и потребата за работна сила во тие региони и со тоа повторно ќе се влијае на враќањето на граѓаните во својот роден крај. Додека пак со зголемување на данокот на добивка во пренаселените и развиени региони, како што е Скопскиот регион, ќе се дестимулираат новите потенцијални доселеници, па и дел од сегашните граѓани ќе се вратат во својот роден крај или ќе бараат ново место за сопствен развој и егсистенција. Во моментов данокот на добивка е рамен и изнесува 10%. Па така во послабо развиените региони треба да биде помал, а во развиените региони поголем. Да не бидам погрешно разбран, не е ксенофобијата мој мотив да го напишам овој текст. Мотивот го црпам од секојдневието, од постојаната мака на нашите граѓани во борбата за егсистенција и од нивната заслепеност барајќи го спасот само на едно место кое припаѓа во еден регион. Кога тој регион ќе се презасити и ќе има преголема дивергенција, што ли треба да се случува со другите региони?! За мене, Македонија не е само Скопје. Кога станува збор за данокот на додадена вредност, во послабо развиените региони прометот треба да се даночи со помала даночна стапка, а во развиените региони како што е Скопскиот регион со поголема даночна стапка. За да се избегне злоупотреба во процентуалната разлика на цените, која што директно ќе зависи од новите даночни стапки и може да претставува потенцијален екстра профит кај одредени производители, тие исклучиво мора да важат само и само во регионот за кој што се наменети. Со модерната технологија, преку GPS уреди на фискалните каси, мора да се следи прометот и точното одданочување на

Aleksandar

производи по посебно утврдена стапка по региони. Со ваквите реформи во фискалната политика на Република Македонија, јас сметам дека ќе се допринесе до фер развој на сите региони во целост, враќање на населението во својот роден крај и стимулација за отпочнување нови деловни активности. За да има постојано фер развој на регионите, фискалната федерализација не претставува статична активност, баш напротив, мора динамично да се следи развојот и да се променуваат даночните стапки во зависност од ефектите кои што се постигнуваат со истите. За сето ова да отпочне да функционира, затоа што Република Македонија има мал национален пазар и мала национална економија, мора да примени и развојни стратегии на супституција на увозот, стратегија на небалансиран раст и како финална фаза стратегија на извозно воден раст. Воедно влијаат и други фактори кои мораат да бидат контролирани, како што се задолжувањата во странство и непродуктивните јавни трошоци. Како што предходно напоменав, ова не е нешто од кое што промените веднаш ќе се почувствуваат, но поучен од сето мое знаење и искуство, прочитана литература и согледувања како развиените земји креираат долгорочни планови, јас сметам дека со ваквите чекори, Република Македонија може да биде многу поуспешна од тоа што е сега и да ја направиме многу поубаво место за живеење.

Aleksandar